март 25, 2022

МВР: Претреси низ цела држава, приведени над 20 улични дилери

Заплена во акција на МВР за сузбивање на продажба на дрога, улично дилерство и недозволена трговија со огнено оружје

Во денешната полициска акција на територијата на цела држава, за сузбивање на продажба на дрога, улично дилерство и недозволена трговија со огнено оружје, биле приведени над 20 улични дилери од повеќе градови и запленета дрога.

Како што соопштија од МВР, пронајдено и одземено е поголемо количество марихуана, стебла канабис, 22 пакувања со хероин, амфетамин, прашкаста и грутчеста материја, а на подрачјето на Гевгелија била пронајдена импровизирана лабораторија за производство на канабис.

- МВР уапсило десет лица, членови на меѓународна група за трговија со дрога

Полицијата пронашла и пари, неколку ваги и дробилки како и триесетина куршуми.

Против приведените, по документирање на случаите ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Денешната акција се одвивала на дваесетина локации во повеќе градови - Тетово, Гевгелија Кичево, Скопје, Куманово, Струмица, Штип, Струга, Пробиштип, Берово, Свети Николе, Битола, Гостивар, Неготино и Кавадарци.

види ги сите денешни вести

март 25, 2022

САД ги повикаа Кина и Русија да испратат силна порака до Северна Кореја

Мултимедија

Бомби, подруми и погреби: жителите на Мариупол се борат да преживеат


Нови поскапувања, нови главоболки

Македонски навивачи „го освоија“ Палермо пред мечот со Италија


Ехо на историјата: Фотографии од војната во Украина и од Втората светска војна


Војната во Украина во критична фаза

Најпопуларно

Најчитани

1 Дали службите го доведоа Путин во заблуда за војната во Украина? (6205)

2 Судот во Хаг ѝ наложи на Русија да ги запре воените операции, бомбардирањата продолжуваат (3199)

3 Русија го повика американскиот амбасадор бидејќи Бајден го нарече Путин „воен злосторник“ (3170)

4 Зеленски бара преговори без одложување, Русија потврди дека користела хиперсонично оружје (2059)

5 Зошто е приведен Бојко Борисов? (1904)

Најгледани

Пробно истрелување на „нов тип“ интерконтинентална балистичка ракета во Северна Кореја

Кина и Русија треба да испратат силна порака до Северна Кореја да се воздржи од понатамошни „провокации“ откако оваа недела продолжи да тестира интерконтинентални балистички ракети, изјави портпаролката на американскиот Стејт департмент, Џалина Портер.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Бајден ги посети американските војници во Полска, во близина на границата со Украина

Претседателот на САД Џо Бајден во посета на американсите војници во Полска

Американскиот претседателот Џо Бајден ги посети американските војници во близина на полската граница со Украина поради сигналите од Русија дека Кремљ ги намалил своите цели во својот неиспровоциран напад врз Украина, за да се концентрира на територијата на која се сепаратистите поддржани од Русија.

Бајден се ракуваше со десетици војници за време на денешната ненадејна посета во градот Жешов, на околу 150 километри од воената база во западниот украински град Јаворив, која беше опустошена на 13 март од руски воздушни напади.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Дизелот од полноќ поскапува за уште 2 денари по литар

Илустративна фотографија

Од полноќ дизелот поскапува за два денара по литар, а цените на останатите горива остануваат исти, одлучи Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги (РКЕ).

Со ова поскапување, новата малопродажна цена на дизелот ќе изнесува 86 денари за литар, додека бензините ЕУРОСУПЕР 95 и ЕУРОСУПЕР БС – 98 ќе продолжат да се продава за 82, односно 84 денари.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Пречек на македонските фудбалери во Скопје

Пречек на македонските фудбалери во Скопје поради победата над европскиот шампион Италија

Со виорење на македонските знамиња , скандирајќи „Македонија“ стотици граѓани вечерва се собраа на Плоштадот „Македонија“ за да ги пречекаат македонските фудбалери. Тие синоќа во Палермо успеаја да го победат европскиот шампион Италија, а со тоа и да ги продолжат квалификациите за Светското првенство.

прочитај повеќе

март 25, 2022

ОН - Сè повеќе информации за масовни гробници во Мариупол

Оштетени возила во Мариупол во руската инвазија врз Украина

Шефот на тимот на ОН за човекови права во Украина, Матилда Богнер денеска изјави дека набљудувачите добиваат сè повеќе информации за масовни гробници во опколениот град Мариупол вклучително и една во која се чини дека има 200 тела.

„Добиваме сè повеќе информации за масовните гробници што се таму“, изјави Матилда Богнер за новинарите преку видео врска од Украина, велејќи дека некои од доказите се од сателитски снимки.

Богнер рече дека смртните случаи на цивили во Украина ја надминале бројката од 1.035, додавајќи дека тимот на ОН истражува, како што изгледа, неселективни напади од двете страни во конфликтот.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Утре прв лет од редовната авиолинија Софија-Скопје

Меѓународен аеродром Скопје

Од утре старува редовната авиолинија Софија-Скопје-Софија стартува утре.
Со летот на бугарската компанија Гуливер, од утре стартува редовната авиолинија што ќе го поврзе Скопје со бугарската метропола.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Уредничката што ги прекина руските вести е обвинета за „дискредитирање“ на армијата

Марина Овсијаникова

Уредничката на вести на руската телевизија, која протестираше против руската инвазија на Украина со прекинување на директниот пренос на вестите на руската државна телевизија, е обвинета за „дискредитација“ на вооружените сили.

Московскиот окружен суд денеска соопшти дека ќе го испита случајот против Марина Овсијаникова на 14 април, додавајќи дека таа може да се соочи со парична казна до 50.000 рубли (повеќе од 500 долари) доколку биде прогласена за виновна.

Овсијаникова надејно се појави на 14 март зад водителот на информативната програма на рускиот Канал 1, држејќи плакат на кој имаше пораки меѓу кои „Не за војна“ на англиски, и „Запрете ја војната. Не верувајте во пропагандата. Ве лажат“ на руски јазик. Таа можеше да се види и чуе неколку секунди пред каналот да се префрли на друг прилог.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Ќе се интензивира македонско-бугарската соработка во снабдувањето со природен гас

Илустративна фотографија

Снабдувањето со природен гас беше во фокусот на разговорите на Македонско-бугарската работна група за инфраструктура, транспорт и енергетика, во чии рамки денеска состанок имаа македонскиот министер за економија, Крешник Бектеши и бугарскиот министер за енергетика, Александар Николов.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Русија јавува за 1.351 руски војници загинати во Украина, многу под западните проценки

Уништен руски тенк во руската инвазија на Украина, на линијата на фронтот во реонот на Киев, 20 март 2022 година

Русија вели дека 1.351 нејзин војник загинале во борбите во Украина, што е првото известување за жртвите што Москва го даде по повеќе од три недели и бројка која е далеку под западните разузнавачки и украинските проценки.

Високи воени претставници денеска во Москва изјавија дека 3.850 руски војници биле повредени во борбите, кои започнаа на 24 февруари кога Русија го започна својот неиспровоциран напад врз Украина.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Интерконекторот Грција-Бугарија се поврза со Трансјадранскиот гасовод

Интерконекторот Грција-Бугарија кај Комотини

Интерконекторот за гас Грција-Бугарија успешно се приклучи на Трансјадранскиот гасовод (ТАП), јави дописникот на МИА од Софија.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Нови 322 случаи на Ковид 19, пријавени уште 6 починати лица

Илустративна фотографија

Во последните 24 часа се направени 2.246 тестови, а регистрирани 322 нови случаи на Ковид -19, соопшти Министерството за здравство.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Во нападот врз театарот во Мариупол има околу 300 жртви

Бомбардирање на театарот во Мариупол на 16 март

Властите во опколениот украински град Мариупол соопштија дека, според изјавите на очевидци, околу 300 цивили загинале во рускиот воздушен напад врз театарот, што се користеше како засолниште.

Градскиот совет на Мариупол денеска на Телеграм напиша дека иако „никој не сака да верува во тоа што се случило, зборовите на оние кои биле внатре во зградата во моментот на терористичкиот чин го кажуваат спротивното“.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Намален бројот на фирми во 2021 во однос на 2020 година

Илустрација

Во 2021 година во земјава биле активни 72.922 деловни субјекти што е намалување за 0,2 проценти во однос на 2020 година, покажуваат податоците на Државниот завод за статистика.

прочитај повеќе

март 25, 2022

Пожар во автобус на ЈСП, нема повредени

Автобус на ЈСП

Од ЈСП денеска соопштија дека неколку минути пред пладне, во двоспратен автобус „Јутонг“ кој сообраќа на линија 57 избувнал пожар, во кој нема повредени патници, а причинета е само материјална штета.

прочитај повеќе

Вчитај повеќе

Радио Слободна Европа / Радио Слобода. Сите права се резервирани